**20252254362**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 27 став (5) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25), министерот за образование и наука, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЕРТИФИКАТИТЕ И ДОДАТОКОТ НА СЕРТИФИКАТИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на сертификатите и додатокот на сертификатите.

Член 2

(1) Сертификатот за знаењата, вештините и компетенциите стекнати од посебните програми кои не водат кон стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација, се печати на Образец со димензии 29,7 см х 21 см.

(2) Додаток на сертификатот од став (1) на овој член, се печати на Образец со димензии 21см х 29,7 см.

(3) Сертификатот од став (1) на овој член и додатокот на сертификатот од став (2) на овој член, се печатат на светло кафена хартија А1 – 115 грамска со воден жиг и флуоросцентни влакна, со темно зелена рамка, а грбот на Република Северна Македонија и единствениот сериски број на сертификатот се печатат со златна фолија со заштитни знаци.

(4) Формата и содржината на сертификатот од став (1) на овој член и додатокот на сертификатот од став (2) на овој член, се дадени во Прилог бр.1 и Прилог бр.2, кои се составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Сертификатот за стручна квалификација за знаењата, вештините и компетенциите стекнати од посебните програми кои водат кон стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација или стекната преку процес на валидација, се печати на Образец со димензии 29,7 см х 21 см.

(2) Додаток на сертификатот од став (1) на овој член, се печати на Образец со димензии 21см х 29,7 см.

(3) Сертификатот од став (1) на овој член и додатокот на сертификатот од став (2) на овој член, се печатат на светло кафена хартија А1 – 115 грамска со воден жиг и флуоросцентни влакна, со темно сина рамка, а грбот на Република Северна Македонија и единствениот сериски број на сертификатот се печатат со златна фолија со заштитни знаци.

(4) Формата и содржината на сертификатот од став (1) на овој член и додатокот на сертификатот од став (2) на овој член, се дадени во Прилог бр.3 и Прилог бр.4, кои се составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Сертификатот за модул/и на квалификации за знаењата, вештините и компетенциите стекнати од посебните програми кои водат кон стекнување на дел од стручна квалификација, како и за валидираните знаења, вештини и компетенции од модул/ите од стандардот на квалификација, се печати на Образец со димензии 29,7 см x 21 см.

(2) Додаток на сертификатот од став (1) на овој член, се печати на Образец со димензии 21см x 29,7 см.

(3) Формата и сертификатот од став (1) на овој член и додатокот на сертификатот од став (2) на овој член, се печатат на светло кафена хартија А1 – 115 грамска со воден жиг и флуоросцентни влакна, со темно црвена рамка, а грбот на Република Северна Македонија и единствен сериски број на сертификатот се печатат со златна фолија со заштитни знаци.

(4) Формата и содржината на сертификатот од став (1) на овој член и додатокот на сертификатот од став (2) на овој член, се дадени во Прилог бр.5 и Прилог бр.6, кои се составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за називот, содржината и формата на сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите стекнати од посебните програми за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 261/20).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот  ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 18-13947/1 | Министер за образование |
| 4 ноември 2025 година | и наука, |
| Скопје | проф. д-р **Весна Јаневска,** с.р. |

Прилог бр.1

Република Северна Македонија

# СЕРТИФИКАТ

на

________________________________________

за знаења, вештини и компетенции стекнати од посебни програми кои не водат кон стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација

________________________________________

во периодот од __________ до __________

Издаден од ________________________________

главна книга/ред. бр ________

______________
место, дата

____________________
Потпис и печат на
управител/одговорно лице

Програмата е верифицирана со акт број _________ од _________
Установата/институцијата за образование на возрасните е акредитирана со акт број _________ од _________
ЈУ Центар за образование на возрасните Скопје, Единствен сериски број на сертификатот В0001

Прилог бр.2

# ДОДАТОК НА СЕРТИФИКАТ

**за знаења, вештини и компетенции стекнати од посебните програми кои не водат кон стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација**

| | |
|---|---|
| Име и презиме на учесникот | |
| Единствен сериски број на сертификатот | |
| Главна книга/реден број | |
| Назив на знаења, вештини и компетенции стекнати од посебна програма | |
| Превод на називот на знаења, вештини и компетенции стекнати од посебна програма [EN] | |
| Стекнати знаења, вештини и компетенции | |
| клучни компетенции | стручни компетенции |
| | |
| Занимања достапни за стекнатите знаења, вештини и компетенции | |

| | | |
|---|---|---|
| **Установа или институција кој го доделува сертификатот** | | |
| **Установа која ја потврдува веродостојноста на сертификатот** | **Јавна установа Центар за образование на возрасните Скопје** | |
| **Правен основ** | **Закон за образование на возрасните** | |
| **Општи податоци за стекнување на знаења, вештини и компетенции стекнати од посебна програма** | | |
| **План на програмата** | | |
| **Модули** | **Број на часови** | |
| | **Теоретска настава** | **Практична настава** |
| **Модул 1** | | |
| **Вкупно часови** | | |
| **Дополнителни информации (вклучувајќи и опис)** | | |

**Повеќе информации се достапни на следните линкови:**
**ЈУ Центар за образование на возрасните Скопје (www.cov.gov.mk)**
**Национален Европас центар (www.europa.eu/europass/mk)**

Единствен сериски број на сертификатот B0001

Прилог бр.3

Република Северна Македонија

# СЕРТИФИКАТ

на

________________________________________

за стручна квалификација за знаења, вештини и компетенции стекнати од посебни програми кои водат кон стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација или стекната преку процес на валидација

________________________________________

во периодот од __________ до __________

Издаден од ____________________________________

главна книга/ред. бр ________

____________
место, дата

__________________
Потпис и печат на
управител/одговорно лице

Програмата е верифицирана со акт број ________ од ________
Установата/институцијата за образование на возрасните е акредитирана со акт број ________ од ________
ЈУ Центар за образование на возрасните Скопје, Единствен сериски број на сертификатот К0001

Прилог бр.4

# ДОДАТОК НА СЕРТИФИКАТ

**за стручна квалификација за знаења, вештини и компетенции стекнати од посебни програми кои водат кон стекнување на стручна квалификација, односно дел од стручна квалификација или стекната преку процес на валидација**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на учесникот** | |
| **Единствен сериски број на сертификатот** | |
| **Главна книга/реден број** | |
| **Назив на стручна квалификација** | |
| **Сектор** | |
| **Поврзани стандард/и на занимања** | |
| **Поврзани стандард/и на квалификација** | |
| **Превод на називот на знаења, вештини и компетенции стекнати од посебна програма [EN]** | |
| **Стекнати знаења, вештини и компетенции** | |
| **клучни компетенции** | **стручни компетенции** |
| | |
| **Занимања достапни за стекнатата квалификација** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Установа или институција кој го доделува сертификатот** | | |
| **Установа која ја потврдува веродостојноста на сертификатот** | **Јавна установа Центар за образование на возрасните Скопје** | |
| **Правен основ** | **Закон за образование на возрасните<br>Закон за Национална рамка на квалификации** | |
| **Ниво на квалификација согласно МРК** | | |
| **План на програмата** | | |
| **Модули** | **Број на часови** | |
| | **Теоретска настава** | **Практична настава** |
| **Модул 1** | | |
| **Вкупно часови** | | |
| **Дополнителни информации (вклучувајќи и опис)** | | |
| **Повеќе информации се достапни на следните линкови:<br>ЈУ Центар за образование на возрасните Скопје (www.cov.gov.mk)<br>Национален Европас центар (www.europa.eu/europass/mk)<br>Единствен сериски број на сертификатот** K0001 | | |

Прилог бр.5

Република Северна Македонија

# СЕРТИФИКАТ

на

____________________________________________________

за модул/и на квалификации за знаења, вештини и компетенци стекнати од посебни програми кои водат кон стекнување на дел од стручна квалификација, како и за валидираните знаења, вештини и компетенции од модул/и од стандардот на квалификација

____________________________________________________

во периодот од __________ до __________

Издаден од ________________________________________

главна книга/ред. бр ________

____________
место, дата

____________________
Потпис и печат на
управител/одговорно лице

Програмата е верифицирана со акт број _________ од _________
Установата/институцијата за образование на возрасните е акредитирана со акт број од _________
ЈУ Центар за образование на возрасните Скопје, Единствен сериски број на сертификатот М0001

Прилог бр.6

# ДОДАТОК НА СЕРТИФИКАТ

**за модул/и на квалификации за знаења, вештини и компетенци стекнати од посебни програми кои водат кон стекнување на дел од стручна квалификација, како и за валидираните знаења, вештини и компетенции од модул/и од стандардот на квалификација**

| | |
|---|---|
| Име и презиме на учесникот | |
| Единствен сериски број на сертификатот | |
| Главна книга/реден број | |
| Назив на модул/и | |
| Сектор | |
| Поврзани стандард/и на занимања | |
| Поврзани стандард/и на квалификација | |
| Превод на називот на знаења, вештини и компетенции стекнати од посебна програма [EN] | |
| Стекнати знаења, вештини и компетенции | |
| клучни компетенции | стручни компетенции |
| | |
| Занимања достапни за стекнатата квалификација | |

| | | |
|---|---|---|
| Установа или институција кој го доделува<br>сертификатот | | |
| Установа која ја потврдува веродостојноста на сертификатот | Јавна установа Центар за образование на возрасните Скопје | |
| Правен основ | Закон за образование на возрасните<br>Закон за Национална рамка на квалификации | |
| Ниво на квалификација согласно МРК | | |
| План на програмата | | |
| Модули | Број на часови | |
| | Теоретска настава | Практична настава |
| Модул 1 | | |
| Вкупно часови | | |
| Дополнителни информации (вклучувајќи и опис) | | |

Повеќе информации се достапни на следните линкови:
ЈУ Центар за образование на возрасните Скопје (www.cov.gov.mk)
Национален Европас центар (www.europa.eu/europass/mk)

Единствен сериски број на сертификатот M0001